ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 09-2181/10
11-09 2022 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр.199/14; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16; 64/18 и 168/18), член 50 став (1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 36 став (1) точка 16 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21; 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

# О Д Л У К А

## за спроведување на повторна јавна презентација и повторна јавна анкета по Предлог-Детален урбанистички план Градска четврт Ц 06 – Стара железничка станица, Општина Центар - Скопје, плански период 2019-2024

### Член 1

Со ова Одлука се организира повторна јавна презентација и повторна јавна анкета по Предлог-Деталниот урбанистички план Градска четврт Ц 06 – Стара железничка станица, Општина Центар-Скопје, плански период 2019-2024.

### Член 2

Соопштението за организирање на повторната јавна презентација и повторната јавна анкета ќе биде објавено во дневните весници „Слободен печат" и „Вечер" и на информацискиот систем е-урбанизам.

### Член 3

**Повторната јавна анкета ќе трае 10 работни дена**, и тоа **од 21.9.2022 до 4.10.2022** година.
**Предлог-планот ќе биде изложен во Урбаната заедница „Роберт Гајдик"** (ул.„Кочо Рацин" ББ, Скопје) **секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот.**

### Член 4

**Повторната јавна презентација ќе се одржи** во **просториите на Општина Центар – Скопје** (ул.„Михаил Цоков" бр.1, Скопје), во салата за состаноци во барака 6, **на ден 28.9.2022** година (среда) **во 10.00 часот**.

### Член 5

Заинтересираните физички и правни лица можат да учествуваат на повторната јавна презентација и повторната јавна анкета, а во времетраење на повторната анкета ќе можат на анкетни листови да доставаат забелешки и предлози по Предлогот на планот.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**
**м-р Горан Герасимовски**

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ